ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 48 ДАТА 07.12.2022 ГОДИНА 40

ФФМ ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 48 ДАТА 07.12.2022 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 05.12.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ПРОЕКТ" - с.Јосифово: Бокан М. Радивоје, Бубов В. Христијан, Гавровски И. Матеј, Димов Т. Даријан, Донев А. Андреј, Ѓоргиев И. Ѓорги, Ѓоргиевски В. Столе, Јанчев Ќ. Кристијан, Васил В. Зајков, Николовски М. Лука, Стојанов Н. Иле, Усеинов О. Јусуф, Стојанов С. Павле, Тушев З. Златко, Усеинов М. Мухамед, Стојанов З. Мартин, Таневски Н. Благој, Коцев З. Јован, Аризанов Б. Александар, Јанев К. Бојан, чл. 35/1.

ЖФК „ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16" - Валандово: Пенова А.Ванеса, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 05.12.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТОПОЛКА" - Велес: Чингаров Марио, по член 35/13, Ваљак Мартин од ФК„Тополка„ по чл 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИСЛА ВОДА - СКОПЈЕ

**Седница од 06.12.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ" - Скопје: Јаневски А. Филип, Спасовски Д. Олег, Крстевски З. Давид, Даскалов М. Марко, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Дополнување на седница од 22.11.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПАРК" Скопје: Тодоровски Даниел од ФК„Вардар"АД-Скопје, Михајлоски Борјан, Стефановски Давид од ФК„Монадано Кидс"-Скопје, по член 36/1.

**Седница од 06.12.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „АРБЕН БАЈРАМИ" - Скопје: Фера Иса од КМФ„Шкупи 1927"-Скопје, по член 35/13.

КМФ „УКУПИ 1927"Скопје: Абдулих Бехар, по член 35/1.

ФК „ПАРК" - Скопје: Арсовски Калин од ФК„Вардар"АД- Скопје, Кратевски Бојдан од ФК„Форца Вардар"-Скопје, по член 36/1. Лазаревски Благој од ФК„Академија Пандв Карпош"-Скопје, чл. 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОVО

**Седница од 22.11.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФИТ КИД" - Тетово: Глигориј Антоски, по член 35/1.

- **Раскин на професионален договор:**

ЖФК „Љуботен" - Тетово и фудбалерот Ратковиќ Сања го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО

**Седница од 05.12.2022 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Иљази Р. Един по чл. 35/1 за КМФ „Карадаку„ од с. Липково бидејќи нема доставено документ за идентификација за фудбалерот.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 11-2033/2
25.08.2022 год.

Врз основа на член 121 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав: Александар Најдовски - Претседавач, Раде Трајковски-член и Кирил Естатиев – член, на седницата од 24.08.2022 година, постапувајќи по барањето на **Акционерско друштво Фудбалски клуб Борец 1919 АД – Велес** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УСВОЈУВА барањето поднесено од **Акционерско друштво Фудбалски клуб Борец 1919 АД – Велес**, со седиште на ул. Пајак Планина бр.11, Велес ЕМБС 7363214, за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2022/23 во организација на ФФМ.

2. **СЕ ИЗДАВА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2022/23 на **Акционерско друштво Фудбалски клуб Борец 1919 АД – Велес,** со седиште на ул. Пајак Планина бр.11, Велес и ЕМБС 7363214.

3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку се утврди дека:
   - клубот не ја исполнил обврската за уплата на котизација за млади категории во рокот утврден од Управниот одбор на ФФМ, односно во Пропозиците за натпреварување за млади категории за сезона 2022/2023.

4. Решението да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување.

5. Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

6. Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 27.07.2022 година, го разгледа барањето доставено од **Акционерско друштво Фудбалски клуб Борец 1919 АД – Велес,** за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона **2022/23**.

На истата седница Комисијата утврди дека клубот треба да ја дополни документацијата во врска со финансиските, инфраструктурни и персонално-административните критериуми. Комисијата го продолжи рокот за дополнување на документацијата по наведените критериуми до 08.08.2022 година. Имајќи го во предвид ждребот закажан за 28.07.2022 година и постапката за лиценцирање која е сеуште во тек , Комисијата му издаде на клубот времена лиценца со рок на важење до 08.08.2022 година.

На седницата одржана на 18.08.2022 година, Комисијата го разгледа известувањето на клубот во врска со исполнување на финансискиот критериум по што одлучи по барањето на клубот за издавање на лиценца да одлучува на наредната седница.

На седницата одржана на **24.08.2022** година Комисијата констатира дека клубот ја дополнил документацијата по финансиските и персонално-административните критериуми по што Комисијата утврди исполнетост на персонално-административните, финансиските, правните критериуми како и на дел од спортските .

За дел од документацијата поврзана со инфраструктурните критериуми која се однесува на доставување на документација за користење на стадион и објекти за тренирање, Комисијата утврди дека е доставен договор во кој договорна страна е ФК Борец 1919 Велес. Во врска со исполнетоста на инфраструктурните критериуми Комисијата го имаше во предвид известувањето од клубот дека нивното барање за склучување на нов Договор е во процедура пред Советот на Општина Велес. Комисијата утврди дека клубот непречено ги користи капацитетите уредени со договорот и достави до Комисијата доказ од кој може да се утврди дека обврските по договорот ги регулира ФК Борец 1919 АД Велес. Се задолжува клубот по завршување на постапката да го достави новиот Договор за користење.

Во врска со спортскиот критериум, Комисијата утврди дека бараната документација е доставена но согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање еден од критериумите за добивање на лиценца е и учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи за што е потребно и регулирање на обврската за котизација за млади категории. Комисијата го имаше во предвид фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска за барателот не е достасан поради што одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува со доказ за измирена обврска за котизација.

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседавач
Александар Најдовски

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање, преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на решението, со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска противвредност на денот на уплатата на жиро сметка бр. 300000159976O во Комерцијална Банка АД Скопје.

Доставено до:

- Барателот на лиценца
- Архива на ФФМ
- Комисија за натпреварување
- Макфудбал

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3175/1 против Аљбин Рамадани со ИД 110471 фудбалер на ФК Воска Спорт исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен директен-црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.11.2022 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На Аљбин Рамадани со ИД 110471 фудбалер на ФК Воска Спорт исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен директен-црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 27.11.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3175/1 против Аљбин Рамадани со ИД 110471 фудбалер на ФК Воска Спорт исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен директен-црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 26.11.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 13 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос на Стадионот во Охрид. Во 37 минута на натпреварот на играчот* ***Аљбин Рамадани со ИД 110471 фудбалер на ФК Воска Спорт*** *му е доделен директен-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради туркање.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ФК ВОСКА СПОРТ***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-3184/5

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3174/1 против Роберт Митев со ИД 104187 фудбалер на ГФК Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен втор жолт-црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 30.11.2022 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На Роберт Митев со ИД 104187 фудбалер на ГФК Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен втор жолт-црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 27.11.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-3174/1 против Роберт Митев со ИД 104187 фудбалер на ГФК Охрид Лихнидос исклучен од натпреварот ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос одигран на ден 26.11.2022 година во рамки на 13 коло од Втора МФЛ на стадион во Охрид поради добиен втор жолт-црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 26.11.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 13 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ФК Воска Спорт-ГФК Охрид Лихнидос на Стадионот во Охрид. Во 62 минута на натпреварот на играчот* ***Роберт Митев со ИД 104187 фудбалер на ГФК Охрид Лихнидос*** *му е доделен втор жолт-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради неспортско однесување.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ГФК ОХРИД ЛИХНИДОС***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-3184/7

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: www.ffm.com.mk
Е -маил: ffm@ffm.com.mk


ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО